# Спорт и спортски активности

# Мај - второ полугодие 2020

Професор: Горки Кондовски
Паралелки: I-В и I-Г
Наставна тема; Одбојка,
Наставна единица: Игра со примена на изучените елементи

## Игра со примена на досега изучените елементи

Да ве потсетам - Елементите кои сме ги изучиле до сега во наставата се:

- Одбивање на топката со прсти во парови
- Одбивање на топката со прсти преку мрежа
- Одбивање на топката со чекан во парови
- Одбивање на топката со чекан преку мрежа
- Одбивање на топката со чекан исчекрно во лева страна
- Одбивање на топката со чекан исчекрно во десна страна
- Одбивање на топката исчекорно напред
- Одбивање на топката исчекорно назад
- Одбивање на топката со прсти во страна
- Одбивање на топката со прсти во страна и полустрана
- Одбивање на топката со горен дел од подлактица
- Школски сервис (долен сервис, тенис и сл.)
- Примена на игра со изучените елементи – меѓу кои и школскиот сервис

се елементи кои досега сме ги изучиле и требаше да ги примениме во игра во сала.

Бидејќи учениците веќе го совладале школскиот сервис, веќе во овој дел од наставниот час се применува еден вид импровиирана одбојкарска игра во која се применува сервисот и нормално се внесуваат одредени правила на игра на мрежа во сала, со сите потребни наставни средства и реквизити. Правилата се одредени од страна на професорот кои се дел од одбојката, односно се изведува игра каде учениците ги применуваат сите досега изучени елементи од одбојката. Во текот на играта се настојува сите ученици да ја применат изучената серва, односно да ја започнат одбојкарската игра со серва и доста значајна задача во наставата е правилно да ги изведуваат досега изучените елементи со корекции од професорот. Професорот настојува колку што може повеќе да ги исправи грешките на учениците за да елементите бидат правилно изведени од страна на учениците.

Пр. Се изведува одбојкарска игра, каде учениците се делат на повеќе мешани тимови (машки и женски заедно) од класот. Со примена на ротацијата и поените секој ученик ќе добие шанса да примени серва и да ја започне одбојкарската игра, а учениците пробуваат со правилна примена на елементите од одбојката да ја префрлат топката преку мрежа и да извлечат поен во корист на својата екипа. Со скратени поени пример од 10 до 15 се изведува играта за да може сите формирани екипи да ги применат изучените елементи во игра.

Оваа одбојкарска игра може да се изведе со примена на изучените елементи, на повеќе слични начини.





Корисни линкови:

https://kineziologija.mk/category/kolektivni-sportovi/odbojka/

https://pluspharma.mk/2018/08/21/odbojka-sovrshen-timski-sport/

https://www.gol.mk/odbojka/lekcii-i-demostracija-na-vezhbi-za-najmladite-od-odbojkarite-na-vardar

На следниот текст (линк од мене) е објаснето како ќе се оценуваме. Убаво прочитајте го текстот и за сите нејаснотии обратете се на мојата емаил адреса или ФБ месинџер.

**Проф. Горки Кондовски**